## XII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи сомеѓусебно договарање, во спротивно ќе се решава пред Основен суд Скопје II .

## XIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XIV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 15

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во РепубликаМакедонија.

## XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс-Договор, само во согласност соодредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 17

Овој Договор е склучен во 6 ( шест ) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

НАБАВУВАЧ
ЈЗУУ Клиника за Неврологија-Скопје
В.Д Директор
Д-р. Иван Барбов

ДОБАВУВАЧ

Т.Д за производство, трговија, сервис и
услуги МЕДИТЕК ДООЕЛ Скопје

*Прилог:прифатена понуда*
*Оглас 1/2018*